Туристичка Агенција ТУРИСТ
ул. Крали Марко бр.16 / Битола
Телефон:+389 47 202 777 / Факс: + 389 47 202 776
Моб: +389 70 202 777
Број за итни случаи: +389 70 307 999
mail: turist@turist.com.mk
web: www.turist.com.mk

# 09 Октомври/ Авион/ 5 дена/ Богата програма

**Цена 555 € – 7% за резервација и уплата до 15.09.2024**

**Краков** е еден најубавите европски градови, неговиот стар дел е вклучен на списокот на светско наследство на УНЕСКО.
Главниот плоштадот Ринек е еден од најголемите средновековни плоштади во Европа. Тука се наоѓаат прекрасни градби, цркви изработени во специфичен готски стил, катедрали, замоци, но и модерни кафулиња, преполни со туристи од цел свет, кои придонесуваат за една посебна атмосфера и раздвиженост.
Белите кочии и коњите, за прошетка низ стариот дел на градот, се прекрасен декор и му даваат изглед на центарот на Краков како дел од бајка.

Програма

**09. Октомври (Среда) СКОПЈЕ - БЕЛГРАД - КРАКОВ**
Состанок на групата на Аеродромот во Скопје во 13:30 ч. Полетување за Белград во 15:05 и пристигнување во 16:15 ч. Полетување за Краков во 17:50 и пристигнување во 19:50 ч. Организиран трансфер до хотелот и сместување. Слободно време за прошетка во еден од најубавите градови во Европа, благодарение на одлично зачуваните градби и богатото уметничко и културно наследство. Ноќевање.

**10. Октомври (Четврток) КРАКОВ**
Појадок. Разглед на поранешниот главен град на Полска: Стариот град, кој е ставен на списокот УНЕСКО, како светско наследство, полн со готски, барокни и ренесансни градби, Краковскиот Барбакан, најпознатиот дел со средновековни ѕидини, главниот плоштадот - Ринек обликуван во 13 век, се смета за еден од најголемите средновековни плоштади во Европа... На плоштадот се наоѓаат многу знаменитости како што се Платнената сала, Базиликата Св. Марија, Кулата на градското собрание и Јагелонскиот универзитет кој е еден од најстарите универзитети во светот и кој е оценет како најдобар во Полска... Ноќевање.

**11. Октомври (Петок) КРАКОВ - ВИЕЛИЧКА**
Појадок. Организирана екскурзија до рудникот за сол Виеличка. Постојат докази дека бил во употреба уште од неолитот, овој рудник работел од 13 до крајот на 20 Век. Денес е една од главните атракции во Полска. Долгите ходници поврзуваат галерии со многубројни скулптури и статуи исклесани во солените карпи. Рудникот има девет ката и достигнува длабочина до неверојатни 327 метри. Сепак, за туристите е отворен најубавиот дел од тунелите во должина од 3,5 километри. Рудникот за сол Виеличка се наоѓа на листата на УНЕСКО. Враќање во Краков во вечерните часови. Ноќевање.

Туристичка Агенција ТУРИСТ
ул. Крали Марко бр.16 / Битола
Телефон:+389 47 202 777 / Факс: + 389 47 202 776
Моб: +389 70 202 777
Број за итни случаи: +389 70 307 999
mail: turist@turist.com.mk
web: www.turist.com.mk

TOURIST
Your partner in travel

**12. Октомври (Сабота) КРАКОВ – АУШИВИЦ**
Појадок. Трансфер и посета на поранешниот концентрационен логор Аушвиц-Биркенау, кој е на околу 70 километри од Краков. Враќање во Краков во пладневните часови. Прошетката продолжува до областа Вавел, каде се наоѓаат истоимениот замок и катедралата во која биле крунисани многу полски кралеви. Во Кралскиот дворец може да се видат кралските круни и многу уметнички дела...Ноќевање.

**13. Октомври (Недела) КРАКОВ – БЕЛГРАД - СКОПЈЕ**
Појадок. Слободно време за прошетки во Еврејскиот кварт Казимерц. Некогашниот град кој го основал Кралот Казимир III, денес е познат боемски кварт, омилен на локалното население, кој го карактеризира единствената атмосфера, со многу ресторани, продавници и културно-историски споменици. Организиран превоз до Аеродромот во Краков. Полетување за Белград во 20:30 часот.
Пристигнување во Белград во 22:20 и полетување за Скопје во 00:35. Слетување во Скопје во 01:50 часот.

**Цената вклучува:**
- Авионски превоз на релацијата Скопје–Белград-Краков-Белград-Скопје со вклучени
- Аеродромски такси
- Багаж за чекирање 1 куфер до 23 кг и Рачен багаж (со димензии 55x40x20cm) до 8 кг
- Трансфери со автобус на наведените релации според програмата
- 4 ноќевања со појадок во Хотел Ibis Styles Kraków Centrum 3*
  (во поширокиот центар на Краков https://all.accor.com/hotel/B579/index.en.shtml)
- Разгледи и прошетки во градовите според програмата
- Професионална организација на аранжманот и придружник на патувањето

**Цената не вклучува:**
- Факултативен излет до Виеличка со вклучена влезница 45 €
- Посета на Аушвиц со вклучена влезница 35 €
- Влезници во локалитетите, карти за локален превоз (метро)
- Патничко-здравствено осигурување

Факултативи

| | |
|---|---|
| Виеличка со вклучена влезница | 45 € |
| Аушвиц со влезница | 35 € |

Важат општите услови за патување на ТА ТУРИСТ